# ЗАКОН ЗА ЛИЧНАТА КАРТА

КОНСОЛИДИРАН ТЕКСТ

Закон за личната карта („Службен весник на Република Македонија“ бр. 8/1995; 38/2002; 16/2004; 12/2005; 19/2007; 10/2010; 51/2011; 13/2012; 166/2012; 154/2015 и 55/2016).

## Член 1

Личната карта е јавна исправа со која се докажува идентитетот, државјанството на Република Македонија, живеалиштето и адресата на граѓанинот на Република Македонија.

Личната карта може да се употребува и за преминување на државната граница, во случаи и под услови утврдени со меѓународен договор ратификуван согласно со Уставот на Република Македонија.

Граѓанинот може да има само една лична карта.

## Член 2

Секој граѓанин со наполнети 18 години живот должен е да има лична карта.

Личната карта може да се издаде и на граѓанин со наполнети 15 години живот, на негово лично барање, по претходна согласност од родителите, законскиот застапник или старателот.

## Член 3

Личната карта ја издава Министерството за внатрешни работи.

## Член 4

Барањето за издавање на лична карта граѓанинот лично го поднесува во Министерството за внатрешни работи според подрачјето на кое граѓанинот има живеалиште.

Барањето за издавање на лична карта се поднесува на пропишан образец.

Поднесување на барање за издавање на лична карта и подигање на лична карта за лице на кое со одлука на суд му е одземена или ограничена деловната способност го врши старателот во присуство на тоа лице.

Со барањето од ставот 1 на овој член се поднесува и личната карта чиј рок на важење е истечен, оштетената лична карта, дотраената лична карта што не може да служи на својата намена или друга лична исправа од која може да се утврди идентитетот на граѓанинот.

Со барањето од ставот 2 на овој член по исклучок, граѓаните родени во странство поднесуваат и извод од матичната книга на родените.

## Член 5

Образецот на личната карта содржи: натпис “Република Македонија”, назив “лична карта”, натпис “MKD”, место за фотографија, грб на Република Македонија и машински читлив дел.

Во образецот на личната карта се запишуваат следниве податоци: презиме и име на граѓанинот; државјанство; пол; датум на раѓање; матичен број на граѓанинот; датум на

издавање на личната карта; датум на важење на личната карта; место на раѓање на граѓанинот; живеалиште и адреса на граѓанинот; надлежен орган кој ја издал личната карта; број на личната карта и потпис на имателот на личната карта.

Образецот на личната карта се печати на македонски јазик и неговото кирилско писмо и на англиски јазик и неговото писмо.

Податоците во образецот на личната карта се запишуваат на македонски јазик и неговото кирилско писмо и на основно латинско писмо (ICAO Doc 9303).

На граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик, образецот на личната карта се печати и податоците во него се запишуваат и на службениот јазик и писмото што го употребува граѓанинот.

На граѓаните кои зборуваат јазик различен од службениот јазик, на нивно лично барање, податоците за личното име што се внесуваат во личната карта се запишуваат на македонски јазик и неговото кирилско писмо и на јазикот и писмото што го употребува граѓанинот.

Во образецот на личната карта меѓународните ознаки (кодови) се запишуваат согласно со меѓународните стандарди утврдени во ICAO Doc 9303.

## Член 6

При поднесување на барањето за издавање на лична карта, од подносителот на барањето задолжително се земаат податоци за неговите биометриски карактеристики, заради утврдување на неговиот идентитет.

Податоци за биометриски карактеристики од ставот 1 на овој член се сметаат отпечатоците од два прста и фотографија.

## Член 7

Личната карта се издава со рок на важење од десет години, а за граѓанин помлад од 27 години живот со рок на важење од пет години.

Граѓаниниот не смее да се служи со лична карта чиј рок на важење е истечен.

На граѓанинот кој најмалку два пати ќе загуби лична карта или на друг начин ќе остане без неа, заменетата лична карта му се издава со рок на важење од една година. По истекот на овој рок, новата лична карта се издава со рок на важење утврден во ставот 1 на овој член.

Барање за замена на личната карта се поднесува најдоцна во рок од 30 дена пред истекот на рокот на важењето на личната карта.

При промена на име на улица согласно со Законот за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти, личната карта на граѓанинот ќе важи до рокот на важење кој е наведен во личната карта, освен во случаите предвидени со членот 14 од Законот за изменување и дополнување на Законот за личната карта („Службен весник на Република Македонија" број 19/2007 и 10/10).

## Член 7-а

Министерството за внатрешни работи на барање на надлежниот суд, кој под услови и на начин утврдени со Законот за патните исправи на државјаните на Република Македонија може да бара одбивање на барањето за издавање на пасош, односно одземање на пасошот, со решение ќе забрани употреба на личната карта за преминување на државната граница.

Против решението од ставот 1 на овој член жалба може да се поднесе до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Жалбата од ставот 2 на овој член се поднесува во рок од 15 дена од денот на приемот на решението и не го одлага извршувањето на решението.

## Член 7-б

За сите факти кои за последица имаат престанување на причините за забрана на употреба на личната карта за преминување на државната граница, надлежниот суд веднаш по службена должност го известува Министерството за внатрешни работи.

Ќе се смета дека се престанати причините за забрана на употреба на личната карта за преминување на државната граница, ако надлежниот суд не го обнови барањето по исте-кот на една година од денот на поднесувањето на барањето.

Во случаите од ставовите 1 и 2 на овој член, на барање на граѓанинот, Министерството за внатрешни работи ќе ја избрише забраната за употреба на личната карта за преминување на државната граница.

## Член 7-в

Министерот за внатрешни работи ќе го пропише начинот на забележувањето и бришењето на забраната за употреба на личната карта за преминување на државната граница, како и начинот на водење на евиденцијата од членот 14 на овој закон.

## Член 8

На граѓанин кој ќе го промени живеалиштето или ќе изврши промена на личното име, му се издава нова лична карта.

При промена на адресата на станот на живеалиштето, граѓанинот е должен во рок од 30 дена да поднесе барање за замена на личната карта со нова.

## Член 9

Граѓанинот од членот 2 став 1 на овој закон должен е личната карта да ја носи со себе и да ја покаже на барање на службеното лице кое со закон е овластено да легитимира.

Не е дозволено задржување на туѓа лична карта, ниту давање на лична карта на друг на послуга, како и послужување со туѓа лична карта како со своја.

Задржување на туѓа лична карта, во смисла на овој закон, ги опфаќа дејствијата со кои од страна на службени лица, кои со закон се овластени да вршат легитимирање или кое било друго овластено лице, се чува туѓата лична карта, односно се држи подолго од времето потребно за утврдување на идентитетот на граѓанинот без негово непосредно присуство, како и секое дејствие со кое на граѓанинот му се оневозможува личната карта да ја носи со себе.

## Член 9-а

Личната карта може да ја копираат контролорите и/или обработувачите на збирки на личните податоци само во случаи утврдени со закон.

Личната карта покрај лицата на кои се однесува, може да ја копираат и нотарите при утврдување на идентитетот и субјективитетот на учесниците во постапките кои се водат пред нотар согласно со закон, како и од страна на други контролори и/или обработувачи на збирки на лични податоци само во случаи утврдени со закон.

По исклучок од ставовите 1 и 2 на овој член, личната карта може за однапред утврдена цел или цели да се копира и по претходна писмена изречна согласност на сопственикот на личната карта.

По копирањето на личната карта, копијата соодветно се означува дека истата не може да се користи за друга цел освен за онаа за која согласно со закон е направена. Натамошното копирање, односно умножување на копијата е забрането, освен доколку со закон поинаку не е утврдено.

На барање на сопственикот на личната карта контролорот, односно обработувачот е должен да издаде потврда за направената копија на личната карта во која задолжително се наведува целта за која е направена копијата и рокот на нејзиното чување.

Забрането е обработување и чување на копија на лична карта во електронски облик, освен доколку со закон поинаку не е утврдено.

Изразите „контролор", „обработувач" и „согласност", во смисла на овој закон, имаат исто значење како и изразите „контролор на збирка на лични податоци", „обработувач на збирка на лични податоци" и „согласност на субјектот на лични податоци" кои се утврдени со прописите за заштита на личните податоци.

## Член 10

Кога службено лице на Министерството за внатрешни работи овластено да легитимира ќе утврди дека личната карта на граѓанинот е толку оштетена или дотраена што не може да и служи на својата намена или изгледот на имателот на личната карта е толку изменет што не одговара на фотографијата на личната карта, ќе го задолжи граѓанинот во рок од 15 дена да поднесе барање за замена на личната карта.

Во случаите од ставот 1 на овој член барање за замена на личната карта може да поднесе и граѓанинот.

## Член 11

Граѓанин кој ќе загуби лична карта или на друг начин ќе остане без неа должен е да пријави на Министерството за внатрешни работи, да ја огласи за неважечка во "Службен весник на Република Македонија" на свој трошок и да поднесе барање за издавање на нова лична карта. При поднесување на барањето за издавање на нова лична карта, граѓанинот е должен да приложи доказ дека во "Службен весник на Република Македонија" ја огласил порано издадената лична карта за неважечка.

Ако граѓанинот на кој му е издадена нова лична карта ја пронајде порано издадената лична карта, должен е веднаш истата да ја предаде на Министерството за внатрешни работи.

## Член 11-а

Граѓанинот на кој државјанството на Република Македонија му престанало со отпуст согласно со Законот за државјанството на Република Македонија, должен е на денот на врачување на решението за отпуст од државјанството на Република Македонија личната карта да ја предаде на Министерството за внатрешни работи или ако живее во странство, на дипломатско-конзуларното претставништво на Република Македонија во странство.

## Член 12

Министерството за внатрешни работи во рок од 15 дена од денот на приемот на барањето ќе му издаде лична карта на граѓанинот.

Доколку Министерството за внатрешни работи не ја издаде личната карта, односно не донесе решение за одбивање на барањето за издавање лична карта во рокот од ставот 1 на овој член, подносителот на барањето има право на жалба во рок од 15 дена од денот на поднесување на барањето, односно 15 дена од денот на приемот на решението за одбивање на барањето од членот 4 став 1 од овој закон.

Жалбата од ставот 2 на овој член се поднесува до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос од втор степен.

## Член 13

Личната карта се подигнува лично од граѓанинот, кој притоа е должен да ја предаде старата лична карта на Министерството за внатрешни работи заради поништување.

## Член 14

Министерството за внатрешни работи води евиденција за издадените лични карти согласно со утврдените стандарди и законски прописи.

Министерството за внатрешни работи води евиденција за запишувањето на забраната и за бришењето на забраната на употреба на личната карта за преминување на државната граница.

Евиденциите од ставовите 1 и 2 на овој член се водат согласно со Законот за општа управна постапка и ги содржат податоците од членовите 5 и 6 од овој закон.

## Член 14-а

Надзор над спроведувањето на одредбите од членовите 9 ставот 2 и 9-а од овој закон врши Дирекцијата за заштита на личните податоци.

## Член 15

Глоба во износ од 20 до 80 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на физичко лице, кое:
1. има повеќе од една лична карта (член 1 став 2);
2. со наполнети 18 години живот нема лична карта (член 2 став 1);
3. ќе поднесе невистинит извод од матичната книга на родените (член 4 став 6);
4. се служи со лична карта чиј рок на важење е истечен (член 7 став 2);
5. во законски утврдениот рок не поднесе барање за замена на личната карта (член 7 став 4 и член 10);
6. нема да поднесе барање за замена на личната карта во законски утврдениот рок (член 8 став 2);
7) ќе ја задржи туѓата лична карта по кој било основ, односно ќе ја даде личната карта на друг на послуга или ќе се послужи со туѓа лична карта како со своја (член 9 став 2);
8. нема да ја предаде личната карта на Министерството за внатрешни работи, односно на дипломатско-конзуларното претставништво на Република Македонија во странство (член 11-а) и
9. нема да ја предаде старата лична карта на Министерството за внатрешни работи заради поништување (член 13);

Глоба во висина од 15 до 30 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на физичко лице кое не ја носи со себе личната карта или ќе одбие да ја покаже личната карта (член 9 став 1).

Глоба во износ од 2.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правно лице - контролор, односно обработувач, ако постапува на начин спротивен на одредбите од членот 9-а од овој закон.

Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за правното лице ќе му се изрече за прекршок на одговорното лице во правното лице - контролор, односно обработувач за сторен прекршок од ставот 3 на овој член.

Глоба во износ од 200 до 300 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на службеното лице во државен орган - контролор, односно обработувач за сторен прекршок од ставот 3 на овој член.

Глоба во износ од 250 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на физичко лице - контролор, односно обработувач за сторен прекршок од ставот 3 на овој член.

## Член 15-а

За прекршоците предвидени со одредбите од членот 15 ставови 1 и 2 на овој закон, прекршочната постапка ја води комисија на Министерството за внатрешни работи.

По исклучок од ставот 1 на овој член, кога сторителот на прекршокот е странец, прекршочната постапка ја води и прекршочни санкции изрекува надлежниот суд.

Комисијата од ставот 1 на овој член е составена од два члена и претседател на комисијата.

Членовите на комисијата имаат завршено високо образование и работно искуство од најмалку седум години на предметната материја, а претседателот на комисијата е дипломиран правник со положен правосуден испит и работно искуство од најмалку десет години на предметната материја.

Доставувањето на писмената изготвени од комисијата од ставот 1 на овој член, се врши согласно со одредбите од Законот за прекршоците и Законот за општата управна постапка.

Ако живеалиштето на лицето на кое треба да му се достави известување, покана или одлука е непознато за органот чие писмено се доставува, комисијата од ставот 1 на овој член, ќе го објави писменото на веб страницата на Министерството за внатрешни работи и со истекот на осум дена од денот на објавување на веб страницата ќе се смета дека странката е уредно известена за писменото.

Против одлуката на комисијата од ставот 1 на овој член, може да се поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка.

## Член 15-б

За прекршоците предвидени со одредбите од членот 15 ставови 3, 4, 5 и 6 од овој закон, прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува Дирекцијата за заштита на личните податоци во согласност со прописите за заштита на личните податоци.

Против одлуката на органот од ставот 1 на овој член може да се поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка.

## Член 15-в

Одмерувањето на висината на глобата за правно лице се врши согласно со Законот за прекршоците.

## Член 16

*Избришан* 2

## Член 17

*Избришан*

## Член 18

*Избришан*

## Член 19

Со влегувањето во сила на овој закон престанува да важи Законот за личната карта („Службен весник на СРМ” број 15/73, 20/73, 38/85, 37/87, 51/88 и 19/90) и Законот за ос-новните податоци на личната карта („Службен лист на СФРЈ” број 6/73).

## Член 20

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

**ОДРЕДБИ ОД ДРУГИ ЗАКОНИ**

Закон за изменување и дополнување на Законот за личната карта („Службен весник на Република Македонија" бр. 16/2004):

**Член 11**

Подзаконскиот пропис чие донесување е утврдено со овој закон ќе се донесе најдоцна во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Закон за изменување и дополнување на Законот за личната карта („Службен весник на Република Македонија" бр. 19/2007 и 10/2010):

**Член 13**

Министерот за внатрешни работи во рок од три месеца од денот на влегувањето во сила на овој закон ќе донесе подзаконски пропис за образецот на барањето за издавање на личната карта, образецот на потврдата за поднесено барање за издавање на личната карта, образецот на личната карта, постапката за издавање и замена на личната карта и за начинот на водење на евиденција за издадените лични карти.

**Член 14**

Личните карти издадени пред денот на влегувањето во сила на овој закон ќе важат до рокот на важење кој е наведен во личната карта, но најдолго до пет години од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Закон за изменување и дополнување на Законот за личната карта („Службен весник на Република Македонија" бр. 19/2007):

**Член 15**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија", а одредбите на членовите 1, 2, 3, 4 и 5 од овој закон ќе се применуваат од 1 октомври 2007 година.

Закон за изменување и дополнување на Законот за личната карта („Службен весник на Република Македонија" бр. 51/2011):

**Член 3**

Подзаконскиот акт од членот 2 став 3 на овој закон ќе се донесе во рок од три месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Закон за изменување и дополнување на Законот за личната карта („Службен весник на Република Македонија" бр. 51/2011):

**Член 4**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе започне да се применува од 1 април 2012 година, освен

одредбата од членот 1 на овој закон која ќе започне да се применува со започнување на примената на Законот за основање на Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Закон за изменување и дополнување на Законот за личната карта („Службен весник на Република Македонија" бр. 154/2015):

**Член 5**

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Закон за изменување и дополнување на Законот за личната карта („Службен весник на Република Македонија" бр. 55/2016):

**Член 5**

Започнатите постапки до денот на започнување на примената на овој закон ќе завршат согласно со законот по кој биле започнати.

Закон за изменување и дополнување на Законот за личната карта („Службен весник на Република Македонија" бр. 55/2016):

**Член 6**

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе започне да се применува со започнувањето на примената на Законот за општата управна постапка согласно со членот 141 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија" број 124/15).

# Закон за дополнување на Законот за матичен број

**Член 1**

Во Законот за матичен број („Службен весник на Република Македонија“ број 137/13), во член 12 по ставот 1 се додава нов став 2, кој гласи: „Решението за поништување од ставот 1 на овој член се донесува во рок од 15 дена од денот кога е утврдено дека на еден ист граѓанин му е определен погрешен матичен број или му се определени повеќе матични броеви.“.

Ставовите 2, 3, 4, 5, 6, 7 и 8 стануваат ставови 3, 4, 5, 6, 7, 8 и 9.

**Член 2**

Во член 13 по ставот 1 се додава нов став 2, кој гласи: „Решението за поништување од ставот (1) на овој член се донесува во рок од 15 дена од денот кога е утврдено дека на еден ист странец му е определен погрешен матичен број или му се определени повеќе матични броеви.“.

Ставовите 2, 3, 4, 5, 6 и 7 стануваат ставови 3, 4, 5, 6, 7 и 8.

**Член 3**

Започнатите постапки до денот на започнување на примената на овој закон ќе завршат согласно со законот по кој биле започнати.

**Член 4**

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”, а ќе започне да се применува со започнувањето на примената на Законот за општата управна постапка согласно со членот 141 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ број 124/15).